**Повик број 10/2023 – печатарски услуги**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува повик за набавка за печатарски услуги.

**Предмет на набавка**

Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, за потребите на проектот со наслов: "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија", има потреба од набавка на печатарски услуги согласно со описот од овој повик:

**Дел 1:**

Печатење на публикација, во формат од А5 со 110 странци во вкупен тираж од 150 примероци. Корицата да биде пластифицирана и во колор, текстот во публикацијата е во црно-бел формат 300 грамска хартија за корица, 80 грамска хартија за внатрешен текст. Рокот за печатење е 10 работни дена од денот на потпишување на договор.

Цената да биде прикажана без ДДВ, по примерок и вкупно.

Рок за завршување работи од дел 1 е 15 дена од денот на склучување на договорот.

**Дел 2:**

Печатење на публикација во формат од А5 со 16 странци во вкупен тираж од 100 примероци. Корицата да биде пластифицирана и во колор како и текстот во публикацијата е во е во црно-бел формат (300 грамска хартија за корица, 80 грамска хартија за внатрешен текст). Рокот за печатење е 10 работни дена од денот на потпишување на договор. .

Цената да биде прикажана без ДДВ, по примерок и вкупно.

Рок за завршување работи од дел 2 е 15 дена од денот на склучување на договорот.

**Дел 3:**

Печатење на сертификати во колор во 80 примероци (А4 формат, колор, еднострано, 200 грамска. Рокот за печатење е 10 работни дена од денот на потпишување на договор.

Цената да биде прикажана без ДДВ, по примерок и вкупно.

Рок за завршување работи од дел 3 е 10 дена од денот на склучување на договорот.

**Дел 4:**

Изработи и дизајн на роло банер со димензии 100x200.

Рок за завршување работи од дел 4 е 10 дена од денот на склучување на договорот.

**Дел 5:**

Набавка на комплет материјали за настани (папка, пенкало и тефтер/бележник во количина од 80 комплети.

Рок за завршување работи од дел 5 е 10 дена од денот на склучување на договорот.

**Напомена:**

- Цените од понудата да бидат прикажани во денари и без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.
- Секој понудувач може да се јави за еден дел од повикот или за сите делови. Доколку се јавува за повеќе делови, понудувачот должен е да прикаже цена одделно за секој дел од набавката.

**Рок и начин за доставување на понудите:**

Понудите се доставуваат најдоцна до **31.03.2023 година** на следната електронска пошта: isie@mail.org.

Датум на објава на оглас: 23.03.2023 г.